СОВРЕМЕНА ФИЛОЛОГИЈА
UDC 82.0:316.74

JOURNAL OF CONTEMPORARY PHILOLOGY
JCP 2023, 6 (2), 57-71

# ПРАВИЛАТА НА УМЕТНОСТА, НЕОЛИБЕРАЛИЗМОТ И МЕТОДОТ НА „ДВОЈНА ИСТОРИЗАЦИЈА“ НА ПЈЕР БУРДЈЕ

Ведран Диздаревиќ
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
vdizdarevic@yahoo.com

Во овој труд ќе покажеме дека постои суштинска поврзаност помеѓу *Правилата на уметноста*, главното дело на Пјер Бурдје, поврзано со книжевноста и неговата критика на неолиберализмот, остварена во подоцнежните дела. Имено, почнувајќи од *Посткриптот* на *Правилата на уметноста*, ќе покажеме дека стекнатата автономијата на книжевното поле во XIX век (со сето она што тој процес го подразбира: харизматично „славење“ на авторот, фетишизација на книжевните дела, етаблирање антиекономска логика на книжевноста и симболички капитал, етаблирање„естетски поглед“ итн.) не е никаква гаранција дека таа нема да биде загубена во иднината. Во првиот дел ќе ја претставиме и ќе ја анализираме критиката на неолиберализмот во политиката и во економијата на Пјер Бурдје, особено потенцирајќи ги последиците врз автономијата на книжевноста и врз останатите културни полиња. Ќе образложиме (следејќи го Бурдје) дека единствениот начин да се сфати автономијата на книжевното поле и на книжевноста воопшто е да се постави во овој контекст на неолиберална политика и економија. Во вториот и главен дел ќе го претставиме поимот „двојна историзација“ на Пјер Бурдје, како метод со чијашто помош тој се обидува да одговори на предизвиците што неолиберализмот ги поставува пред културата и пред книжевноста. Детално ќе го анализираме овој поим, кој Бурдје го поставува како алтернатива на „внатрешните“ и на „надворешните“ читања. Во двата случаи – и во првиот и во вториот дел – ќе ги потенцираме неговите теориски сличности со одредени струи на англо-американскиот марксизам (Рејмонд Вилијамс, Тери Иглтон, Фредерик Џејмисон) и некои други теоретичари, како Валтер Бенјамин и Жак Рансиер. На крајот, преку три точки, ќе се обидеме да ги сумираме целите на *Правилата на уметноста* во овој поширок контекст.

**Клучни зборови**: поле на книжевноста, култура, социологија на книжевноста,автономија, хетерономија, неолиберализам, доцен капитализам, културна индустрија, марксизам, марксистичка книжевна критика

# BOURDIEU’S RULES OF ART, NEOLIBERALISM AND THE METHOD OF “DOUBLE HISTORIZATION”

Vedran Dizdarević
Ss Cyril and Methodius university, Skopje
vdizdarevic@yahoo.com

The purpose of this paperis to show that there is an essential connection between *Rules of Art*, Pierre Bourdieu’s main work on literature, and his critique of neoliberalism, presented in his later works. Namely, starting from the *Postscript* at the end of *Rules of Art*, I show that the autonomy of the literary field obtained in the XIX century (with all its implications: the charismatic “celebration” of the author, the fetishization of literary works, the establishment of the anti-economic logic of literature and symbolic capital, the establishment of an “aesthetic gaze”, etc.) does not guarantee that the field will remain autonomous forever. In the first section of the paper, I present and analyze Pierre Bourdieu’scritique of the politics and economy of neoliberalism, particularly emphasising the consequences on the autonomy of literature and other cultural fields. Following Bourdieu, I argue that the only way to understand the autonomy of the literary field, in particular, and the autonomy of literature, in general, is to place them in this context of neoliberal politics and economics. In the second and main section, I present Pierre Bourdieu’s notion of “double historicization” as a method through which he tries to respond to the challenges that neoliberalism poses to culture and literature. I present a detailed analysis of this concept, which Bourdieu sets up as an alternative to both “internal” and “external readings”. In both cases – both in the first and in the second section – I emphasize his theoretical similarities with certain lines of thought of Anglo-American Marxism (Raymond Williams, Terry Eagleton, Frederic Jamieson) and some other theorists, such as Walter Benjamin and Jacques Rancière. Finally, I summarize the objectives of *Rules of Art* in three points viewed in this wider context.

**Keywords**: literary field, culture, sociology of literature, autonomy, heteronomy, neoliberalism, late capitalism, culture industry, Marxism, Marxist literary theory

## Вовед

Во посткриптот на *Правилата на уметноста*, Бурдје експлицитно ги определува главните поттици за пишување на неговата книга, посветена на францускиот книжевен XIX век, на книжевната теорија, на симболичкиот капитал, на статусот на авторот и на делото во книжевното поле. Имено, автономијата на книжевноста стекната (или, подобро кажано, освоена) во XIX век, со сето тоа што тој процес го подразбира (харизматично „славење“ на авторот, фетишизација на книжевните текстови, етаблирање естетски поглед, создавање „антиекономска“ економија на книжевноста итн.) е процес којшто не е завршен еднаш за секогаш. Автономијата може да се загуби за миг, под притисок на хетерономните сили на полето на моќ.[1] Тоа значи дека поимањето на книжевноста единствено може да се сфати во тие рамки на прогресивно зголемување и регресивно опаѓање на автономијата. Подемот на неолиберализмот во политиката и во економијата, смета Бурдје, претставува истовремено предизвик и шанса да се поима книжевноста, нејзината историја и нејзината посебна логика за, конечно, да се допре најважното прашање: без кои предуслови таа ќе престане да постои.

Во овој труд, најпрво ќе ја претставиме политичката и економската програма на неолиберализмот и ефектот што таа го има врз книжевноста. Ќе покажеме дека критиката на капитализмот на Бурдје може да се спореди со критиката на „културната индустрија“ на Адорно и на Хоркхајмер и со критиката на доцниот капитализам на Фредерик Џејмисон. Во вториот дел ќе го претставиме централниот метод на Бурдје за анализирање на книжевните текстови и на книжевноста, поимот „двојна историзација“ (или „двојно читање“), со која тој ја надминува опозицијата на „внатрешните“ и на „надворешните“ читања. Неговата методологија ќе ја споредиме со низа марксистички теоретичари, коишто ја поимаат книжевноста на сличен начин, какви што се Валтер Бенјамин, Рејмонд Вилијамс, Тери Иглтон и Фредерик Џејмисон, но и ќе укажеме на некои разлики што постојат помеѓу нив. На крајот, ќе покажеме како методот на „двојна историзација“ е централен како за правилно разбирање на книжевноста и на книжевните текстови така и за оформување функционална

[1] Целосниот цитат од *Постскриптот* гласи: „Јасно е (...) дека интелектуалното (или, уште појасно, автономното поле што го прави интелектуалецот возможен) не е востановено еднаш засекогаш со Зола и дека другите поседници на културниот капитал секогаш може да „регресираат“, како резултат на дезинтеграцијата на таа нестабилна комбинација што го дефинира интелектуалецот, кон една или друга, навидум, ексклузивна позиција, или кон улогата на „чист“ писател, научник или припадник на академската сфера, или кон улогата на политички актер, новинар или политички експерт. Згора на тоа, сосема спротивно од тоа што наивната хегелијанска визија на историјата на интелектуалците нѐ тера да веруваме, правото на автономија, што е впишано во самата егзистенција на полето на културно производство, мора постојано да мисли на пречките и на моќта што постојано се обновува, без разлика дали се справуваме со надворешни извори на моќ, како што е црквата, државата или големите економски претпријатија, или на внатрешна моќ, особено оние коишто се поврзани со контролата на специфичните инструменти на производство и на дистрибуција на моќта (издаваштво, радио, телевизија)“ (Bourdieu 1995: 243).

стратегија во борбата против тиранијата на полето на моќ, манифестирано преку политичката и економската програма на неолиберализмот.

## 1 „Конзервативните револуции", неолиберализмот и книжевноста

Главната закана за книжевноста на крајот на XX век, според Бурдје, е подемот на неолиберализмот во политиката и во економијата. Некаде од 80-тите години на XX век, тој интензивно се занимава со неолиберализмот и со последиците што тој ги остава врз целата културна сфера, вклучувајќи ја и книжевноста[2]. Неолиберализмот е инаугуриран во западниот свет главно под притисок на низа политички одлуки, затскриени зад дискурсот на економијата. Таа низа на притисоци – издејствувани главно под влијание на политичките програми на Маргарет Тачер во Велика Британија и на Роналд Реган во САД – Бурдје ги именува со парадоксалната кованица „конзервативни револуции"[3]. Политичката и економската програма на неолиберализмот може да се сумира во следниве неколку точки: 1. Затскривање на политичката идеологија зад „објективниот", „неутралниот" и „универзалниот" дискурс на економијата, чиешто потекло е „десоцијализирано и деисторизирано" (Bourdieu 1998)[4]. 2. Затскриената политика е онаа комплетна „финансиска дерегуларизација", сè со цел елиминирање на секоја структура којашто може да преставува пречка на логиката на слободниот пазар. На таков начин се овозможува комплетно атомизирање на агентите и непречено функционирање на економијата *laissez-faire*, што конечно резултира со комплетно уништување на јавната сфера, како што, на пример, е опишана од Јирген Хабермас (ibid, 1998)[5]. 3. Стеснето поимање на рационалноста преку сведување на секоја логика на логиката на слободниот пазар и секое размислување на утилитаристичко размислување, двете повторно претставени како „објективни", „неутрални" и „универзални"

---

[2] Станува збор за *Противоѓнови: прилози кон отпорот против неолибералната наезда* (*Contre-Feux: Propos pour servir à la résistance contre l'invasion néo-libérale*), *За телевизијата* (*Sur la télévision*) и за *Политички интервенции: општествена наука и политичка акција* (*Interventions, 1961–2001: Science sociale& action politique*), како и за низа други пократки статии и говори, каков што е, на пример, важниот есеј насловен *Есенцијата на неолиберализмот* (*L'essence du néolibéralisme*). Единствено првата и втората книга на оваа листа се преведени и достапни на македонски јазик.

[3] Повеќе за поимот „конзервативни револуции" кај Бурдје, како и за неговиот однос кон неолиберализмот, за повлекувањето на државата од јавните служби, за здравството, домувањето, образованието, културата, за децентрализираната политичка култура, втемелена врз самопомош и самоопределување, за владеењето на Роналд Реган во Соединетите Американски Држави и на Маргарет Тачер во Британија, види во поглавјето „Акти на отпор", во делото *Бурдје: агент провокатор* од Мајкл Гринфел (Greenfell 2004: 141–163).

[4] Историјата на полето на економијата Бурдје ја раскажува и ја илустрира во делото *Општествените структури на економијата*. Книгата ја почнува со познатиот коментар на Анри Бергсон дека „се потребни векови на култура за да се создаде еден утилитарист каков што е Џон Стјуарт Мил". Во воведот забележува дека економскиот хабитус не е ниту вроден, ниту интринсичен, ниту универзален, туку е производ на долга и колективна историја, последица на специфичната општествена, политичка, религиска и научна традиција на западниот свет (Bourdieu 2005: 1–14).

[5] Повеќе за ова прашање во *Структуралната трансформација на јавната сфера* од Јирген Хабермас (Habermas 1991).

(Бурдје 2006; Bourdieu 1998). 4. Обид за нивелирање на автономијата на посебните, полуавтономни полиња, како што се оние на културата, на уметностите и на науката[6].

Целиот овој процес е потпомогнат од полињата кои историски не успеале да се изборат за своја автономија и не развиле свој партикуларен хабитус и *illusio*.Такви се полето на новинарството и полето на телевизијата, па поради тоа тие „природно" приклонуваат кон логиката на полето на моќ, односно на економијата и на политиката (Бурдје 2006). Последиците на неолиберализмот врз автономните општествени полиња Бурдје ги именува како „тиранија". Во неговиот вокабулар (под влијание на Паскал и Кант), тиранијата е всушност хетерономен принцип на владеење, кога полето на моќ ги преплавува и ги надвладува посебните закони на автономните полиња (Bourdieu 2014: 221). Во книжевноста[7], неолибералната идеологија речиси целосно го елиминира производството на „долги патеки" (*à long terme*), коешто се стреми кон акумулација на симболички капитал, создавање на авангradни дела и објавување на класици, а го фаворизира производството на „кратки патеки" (*à court terme*), коешто е исклучиво ориентирано на акумулација на материјален профит и издавање на бестселери и на комерцијални дела[8]. Овие тенденции најдобро се гледаат во водењето на издавачките куќи бидејќи Бурдје смета дека и таму се случуваат „конзервативни револуции", под влијание на „конзервативните револуции" во политиката и во економијата[9]. Исто така, нападната е автономијата на интелектуалецот – процес којшто е најмногу потпомогнат од медимуите и од новинарството – кои во јавниот простор единствено го дозволуваат присуството на политизирани и

[6] „Беа потребни повеќе столетија, како што покажав во мојата книга *Правилата на уметноста*, за правниците, уметниците, писателите, научниците да ја стекнат својата автономија во однос на властите – политичката, религиозната, економската – и да можат да ги наметнат своите сопствени норми, своите специфични вредности, особено на вистината, во нивниот сопствен универзум, во нивниот микрокосмос (…) Овие придобивки на слободата се насекаде загрозени, и тоа не само од полковниците, диктаторите и мафијата; загрозени се од најподмолните сили, од оние на пазарот (…)" (Бурдје 2006: 104).

[7] „Во доменот на филмот, под притисок на големите продукциски куќи чијашто главна цел е да се направи профит, авторскиот филм исчезнува. Автономните режисери имаат сè помалку моќ при одлучување на последниот рез на филмот. Режисерот потпаѓа под тиранијата на продуцентите и на останатите технички лица. Имаме регресија од уметничко дело кон производ, од автор кон инженер или техничар за специјални ефекти и од актер кон ѕвезда. Во доменот на музиката – особено на поп-музиката – случајот е сличен, бидејќи квалитетот на музиката се определува според слушаноста на топ-листите, а уметничката автономија е заменета исклучиво со барањата на публиката." (Bourdieu 2009: 343).

[8] Во *Правилата на уметноста*, Бурдје ја илустрира разликата помеѓу двата типа производство преку споредбата на француските издавачки куќи „Лафон" и „Минуи". Наспроти бестселерите на „Лафон" се поставени драмата *Чекајќи го Годо* од Семјуел Бекет и романот *Љубомора* од Алан Роб-Грије. Долгорочниот успех на двете авангардни дела Бурдје го илустрира преку графикон на продадени примероци низ текот на годините (1993: 97–98).

[9] Во есејот *Конезрвативна ревлуција во издаваштвото*, Бурдје забележува дека овој процес се манифестира со тоа што малите, авангардни и специјализирани издавачки куќи се проголтани од поголеми корпорации и холдинзи, „броењето" го заменува „читањето", главните уредници се заменуваат со менаџери, а уредничкиот сектор е доминиран од секторите за продажба и маркетинг. Накратко кажано, хетерономниот модел на функционирање избива во преден план на работењето на издавачката куќа (Bourdieu 2008: 123–153).

комерцијализирани интелектуалци, и кои говорот на посебните полиња го хомогенизираат и го нивелираат[10]. За полето на моќ, накратко, книжевното дело не постои како автономен уметнички објект, туку како производ со кој треба да се тргува. Дека Бурдје смета оти поимањето на книжевноста мора да се одвива во контекст на политичките и на економските притисоци на неолиберализмот, се сложува поголем дел од критиката и од теоријата која се занимава со неговите дела (Lane 2006; Robbins 2000; Speller 2011).

Мора да се потенцира дека овој начин на размислување за книжевноста, во контекст на современата политичка и економска заднина, го става Бурдје во близок контакт со неколку централни автори од марксистичката традиција. Тоа се, на пример, Адорно и Хоркхајмер, односно нивното поимање на „културната индустрија" во *Дијалектиката на просветителството* (Horkheimer, Adorno: 2002). Потоа, линијата на англиската критика, која води потеклот од Ф. Р. Ливис и Квинси Ливис – особено делото *Фикцијата и читателската публика* (Leavis 1939) – а се развива во марксизмот на Рејмонд Вилијамс и на Тери Иглтон.[11] На крајот, мора да се додаде и особено силното поимање на книжевноста (и воопшто на културата) во рамките на т.н. „доцен капитализам" на Фредерик Џејмисон, во моменти кога „разменската вредност станува до таа точка генерализирана, што е избришана и самата меморија на употребната вредност" (Jameson 1991: 18)[12]. Сепак, поимањето на Бурдје е значително различно, иако сличностите помеѓу него и авторите од англо-американската марксистичка традиција заслужуваат подлабока анализа. Имено, методот на Бурдје во ниеден случај не може да се смета за дијалектички, а оној на марксистите е дијалектички во своето јадро; покрај тоа, двете традиции имаат целосно различна визија за стратегиите на отпор што треба да се преземат во однос на овие политички и економски закани. Станува збор за преопширно

---

[10] Овој аспект на конзервативните револуции и на хомогенизацијата на полињата, под притисок на неолибералната хегемонија, Бурдје најмногу го истакнува во своите разговори со писателите Гинтер Грас (Bourdieu and Grass 2008), со Тони Морисон (Bourdieu and Morrison 1998) и со визуелниот уметник Ханс Хаке (Bourdieu and Haacke 1995). „Континуираниот труд на демолирање на фигурата на интелектуалецот, како што беше елаборирана, во Франција, од Зола до Сартр, што го прават медиумите и новинарите во медиумскиот простор, се прави преку нападно поедноставување и вулгаризирање на интелектуалниот дискурс. Категориите како точно/погрешно, оригинално/банално и убаво/грдо се заменети со шик/нешик, ново/старомодно итн. – или, со други зборови, автентичната интелектуална мисла се заменува со мода и со модни трендови. Индивидуалните ставови на интелектуалците се редуцирани на 'луѓе од слама' (марксист, фашист, радикал итн.), а уметничките дела се грубо извлечени од своите полиња и се редуцирани на полето на економијата или на политиката." (Bourdieu, Haacke 1995: 52).

[11] Оваа традиција е раскажана од страна на Тери Иглтон во првото поглавје на *Книжевна теорија: вовед,* под наслов *Подемот на англиската литература* (Eagleton 2008: 15–46).

[12] Во предговорот на *Политичкото несвесно* ја наоѓаме следната забелешка на Џејмисон:„Се обидов да одржам суштински историцистичка перспектива, во која нашите читања на минатото живо зависат од нашите искуства од сегашноста, особено од структурните особености на она што понекогаш се нарекува *société de consommation* (или 'дисакумулативниот' момент на доцниот монополистички или конзумеристички или мултинационален капитализам), што Ги Дебор го нарекува општество на сликата или на спектаклот. Поентата е во тоа што во едно такво општество, заситено со пораки и со 'естетски' искуства од секаков вид, самите проблеми на старата филозофска естетика мора радикално да бидат историзирани и очекувано е тие да бидат непрепознатливо трансформирани во тој процес." (Jameson 2002: XI).

прашање кое треба да се дискутира во друга пригода: затоа, во овој труд понатаму ќе се концентрираме исклучиво на сличностите.[13]

## 2 „Двојната историзација“ како алтернатива на „внатрешните“ и на „надворешните“ читања

Ваквата состојба во книжевноста, кога – употребувајќи ја фразата на Ернст Гомбрих – „еколошките предуслови на уметноста се уништени“ (Bourdieu 2009:342), бара нов методолошки пристап и темелно преосмислување на клучните категории во теоријата на книжевноста. Потребна е теорија којашто истовремено ќе ги земе предвид и грубата комодификација на книжевноста и посебноста на книжевноста како автономна општествена стварност. Токму тоа го прави Бурдје во вториот дел на *Правилата на уметноста*, насловен *Втемелување на науката за уметничките дела*, преку воведување на централниот поим „двојна историзација“ или „двојно читање“ (*la double historicisation*) (Bourdieu 1995: 309–312)[14]. Овој поим не само што му помогнал на Бурдје при поимањето на книжевноста во времето на неолиберализмот, туку продолжил да биде корисен и за други теоретичари и по смртта на авторот. Одличен пример се делата на Паскал Казанова за Семјуел Бекет (Casanova 2006), за Франц Кафка (ibid, 2016) и за „светското поле на книжевноста“ (Casanova 2004), кои се темелат на двојната историзација на книжевноста и на книжевните текстови што Бурдје ја поставил во *Правилата на уметноста.*

Според Бурдје, кога автономијата на книжевноста е на својот врв, книжевните текстови се перцепираат како фетиш, самодоволни и затворени естетски објекти кои мора да се поимаат исклучиво врз основа на своите внатрешни законитости и својства. Фетишот на книжевниот текст станува основна *doxa* на книжевното поле и, имплицитно и несвесно, претставува централна парадигма на сите оние теории „кои тврдат дека единствената цел на една поема е самата поема, како самодоволна структура на ознаки“. Експлицитно пак се манифестира во комплексните теории на Англо-американската нова критика, Структурализмот, Формализмот, интертекстуалноста и некои форми на херменевтиката. Овој корпус на теории Бурдје го нарекува „внатрешни читања“ (*les lectures internes*)[15]. Она што на овие теории им се измолкнува (или пак

[13] Фредерик Џејмисон, на пример, не ја прифаќа тезата дека „полуавтономијата“ на културата во епохата на доцниот капитализам е уништена. Тој, од својата дијалектичка и марксистичка гледна точка, зборува дека „разложувањето на автономната сфера на културата треба попрво да се замисли како експлозија: една вџашувачка експанзија на културата низ целиот општествен простор до таа точка, што може да се каже дека сè во него – од економската вредност и државната моќ до практикитеидо самата структура на психата – станува ’културално‘ во една оригинална, а сепак сè уште нетеоретизирана смисла“ (Jameson 1991: 48). Така, станува збор за две, можеби, неспојливи теоретски гледни точки.

[14] Вреди да се напомене дека за разлика од *Правилата на уметноста*, каде што доминира употребата на поимот двојно читање, во делото посветено на Хајдегер и на полето на филозофијата, насловено *Политичката онтологија на Мартин Хајдегер,* доминира употребата на поимот „двојна историзација“, иако постапката останува идентична (Bourdieu 1991).

[15] Бурдје наведува низа имиња за да го илустрира корпусот на „внатрешни читања“: Т.С. Елиот и неговата збирка есеи *Светата шума*, во којашто поезијата ја нарекува „автотелична“; писателите на *Нувел Реви Франсез*, особено поетот и критичар Пол Валери; влијателната книжевна

тие систематски го отфрлаат) е фактот дека го преземаат книжевниот текст на крајот од неговата историја, кога битката за неговата автономија веќе била извојувана. Доминантноста на книжевната *doxa* во свеста на агентите е толку силна што доведува до постоење на преетаблирана хармонија помеѓу текстот и естетскиот поглед на критичарот. Фетишистичкиот дискурс на овие *lectora* не само што го опишува статусот на текстот (самодоволност, „автотеличност“, автономност), туку истовремено го создава и објектот на нивниот интерес како таков. Поради тоа, тие не можат да добијат објективна слика ниту за книжевноста како целина, ниту за посебните книжевни текстови, а уште помалку можат да ја забележат и да ја анализираат хетерономијата на книжевното поле и комодификацијата на книжевноста. Проблемот е што тие не се доволно (или воопшто) свесни за историјата, што не ја контекстуализираат книжевноста во општествени рамки и што не ги земаат предвид останатите институции кои ја создаваат фетишизацијата на книжевното дело, а кои под притисоците на неолиберализмот полека ја губат почвата под нозете. Така, тие остануваат немоќни да ја поимаат книжевноста во XXI век и да дадат одговор на сериозните предизвици на неолиберализмот (Bourdieu 1995: 194–202).

Од друга страна, кога автономијата на полето е на своето дно – или пак се перцепира како воопшто да не постои – книжевните текстови се поимаат како експресија на некоја религиска догма, општествено-политичка тенденција или, пак, како производ со којшто може да се тргува. Она што е заедничко за овој корпус на теории што Бурдје го нарекува „надворешни читања“ (*les lectures externes*) е дека го сметаат секој уметнички објект за „рефлексија“ или „симболичка експресија“ на општествениот свет. На таков начин, тие го поврзуваат книжевниот текст со „општествените карактеристики на авторот или на групата кон коишто биле адресирани, или требало да бидат адресирани“. Овој корпус на теории Бурдје го поврзува со ортодоксните марксистички теоретичари како Ѓерг Лукач и Лисјен Годлман,[16] кои ја затекнале книжевноста во времето на интензивна комодификација на нејзините производи. Проблемот со „надворешните читања“ е што се пренагласено редуктивни и што се однесуваат како специфичната историја на книжевното поле воопшто да не постои. Овие теоретичари го занемаруваат „ефектот на прекршување“ што полето го извршува (*l'effet de réfraction exercé par le champ*) врз сите фактори од полето на моќ кои делуваат врз него, какви што се политиката, економијата, националноста, религијата итн. (Bourdieu 1995: 224). На таков начин – слично како „внатрешните читачи“ – тие го создаваат објектот што мислат дека го опишуваат, а нивните теории остануваат исто толку редуктивни колку и редуктивните сили на полето на моќ, коишто не ја признаваат автономијата на уметничките полиња – каков што е дискурсот на неолиберализмот, на ме-

теорија на Рене Велек и Остин Ворен; теориите на Роман Ингарден, Џон Кроу Ренсом, Клинт Брукс и Алан Тејт од Новата критика; Чикашката школа на книжевна критика; руските формалисти, Роман Јакобсон, Жерар Женет, структуралистите, Гастон Башлар, Неокантијанската теорија на симболички форми итн. (Bourdieu 1995: 194–202).

[16] Во овој дел, Бурдје упатува – иако тоа експлицитно не го наведува – на текстовите посветени на реалистичната книжевност и на есеите за модернизмот на Ѓерг Лукач (1964a; 1964b) и на *Кон социологија на романот* (Goldman 1975) и *Сокриениот бог* (Goldman 2013) на Лисјен Голдман, дела кои се под силно влијание на теориите на Лукач.

диумите и на новинарите за кои зборувавме претходно. Формулацијата што најчесто може да се најде во овие дискурси е: „Книжевноста не е е ништо друго освен..." или „Текстот не е ништо друго освен...". Овој облик на редукција и вулгаризација Бурдје го нарекува „поглед на Терсит", типичен за новинарското поле (Bourdieu 1995: 202–204; 191–192).

Наспроти „двете алтернативи", тој предлага трет метод, кој би ги надминал слабостите на двата пристапа, односно веќе споменатиот поим на „двојна историзација". Користејќи го тој метод, теоретичарот на книжевноста ниту несвесно би „сакрализирал", како првата група критичари, ниту ненамерно (или намерно) би „демонизирал", како втората група критичари, туку би му пристапил на објектот на својот интерес – имено, на книжевноста – рефлексивно[17]. Со помош на оваа алатка, теоретичарот може да историзира на две рамништа: да ја поима книжевноста како историски феномен и да го поима сопствениот поглед врз неа како историски феномен; симултано да го опишува објектот на интерес, но и да го објектифицира сопствениот поглед што го определува тој објект како објект на интерес (Bourdieu 1995: 309–312). Само така, смета Бурдје, е можно на правилен начин да се разбере книжевноста во сета своја комплексност, како феномен кој постојано се движи помеѓу тенденцијата на автономизација и тенденцијата на хетерономизацијата. Всушност, овој метод претставува една форма на радикална контекстуализација што ја поима книжевноста длабоко испреплетена со политиката и со економијата. Но, за разлика од „надворешните читања", Бурдје во центарот на своите истражувања ја поставува специфичната историја на книжевното поле, коешто го генерира „прекршувањето" на надворешните сили кои потекнуваат од полето на моќ и нив ги преведува на својот посебен, естетски вокабулар. На таков начин се задоволени барањата на двата претходно критикувани пристапи. Целта на критичарот – служејќи се со двојната историзација – е да ги пронајде хомологиите меѓу просторот на делата, дефиниран исклучиво преку симболичката содржина и „особено формата" (барањето на „внатрешното читање") и просторот на позициите во полето на производството (барањето на „надворешното читање").[18] Положбата на книжевното дело, на креативниот проект и на авторот треба да се определи во релација со играта на хомологиите што се оформуваат меѓу полето на книжевноста (автономијата) и полето на моќта (хетерономијата). Во тој случај, секој книжевен феномен во своето манифестирање ќе биде определен од два фактори: естетски и политички, внатрешен и надворешен – кои во него ќе се манифестираат во испреплетено единство (нивната поделба е, секако, номинална и теоретска). Во *Правилата*

[17] „За да се извлече на виделина тоа што е *par excellence* скриено, тоа што ѝ бега на погледот на науката затоа што е скриено во самиот поглед на научникот, односно трансценденталното несвесно, мора да се историзира субјектот кој историзира, да се објективизира субјектот на објективизација, односно историското трансцендентално − објективизација којашто е предуслов за пристапот на науката кон самосвесноста или, со други зборови, кон знаењето на сопствените историски претпоставки." (Bourdieu 2004: 86). Повеќе за рефлексивноста во делото *Наука за рефлексивност и рефлексивност* (Bourdieu 2004).

[18] Најјасен пример за вакво читање можеме да најдеме на почетокот на *Правилата на уметноста*, каде што Бурдје го анализира романот *Сентиментално воспитување* на Гистав Флобер и на крајот на *Правилата на уметноста*, во анализата на *Една роза за Емили* од Вилијам Фокнер (Bourdieu 1995: 3–34; 322–329).

*на уметноста*, Бурдје ја илустрира оваа теорија преку воспоставување хомологии помеѓу неодредената положба на Флобер во полето на политиката и на економијата, неговиот избор да твори за симболички капитал, а не за пари и употребата на *слободниот индиректен говор* во *Сентиментално воспитување* и во останатите негови романи (Bourdieu 1995: 205–206).

Ваквиот пристап, особено во поглед на хомологиите и „созвучјата", во некои елементи наликува на есеите на Валтер Бенјамин, каде постојано се посочуваат преклопувањата и прекршувањата на уметноста и на политиката, на економското производство и на уметничкото производство (Бенјамин 2010). Понатаму, Бурдје може да се спореди со специфичната Англо-американска школа на марксистички критичари, какви што се Рејмонд Вилијамс, Тери Иглтони и Фредерик Џејмисон,[19] коишто во своите анализи заземаат слично теориско стојалиште. Тие, како и марксистите од предвоената генерација, ја анализираат книжевноста како историски, политички и идеолошки феномен; но, исто така, потенцираат дека таа сепак поседува своја посебна автономија која мора да се земе предвид. Поимот на „политичкото несвесно" на Џејмисон е најдобар пример за таа теориска ориентација, каде што авторот, слично како Бурдје, инсистира на двојна интерпретација и на двојна историзација (Jameson 2022). Паралела, исто така, може да се направи и со делото *Нем говор* на Жак Рансиер, во кое францускиот теоретичар од марксистичка провениенција забележува дека дискурсот на книжевноста и дискурсот на општествените науки неслучајно настанале истовремено и дека нивното постење е меѓусебно условено (Ranciere 2011). Ставовите на Бурдје, очигледно, се најмногу наклонети кон Марксистичката книжевна теорија; секако, постојат значителни разлики и тие, како што веќе посочивме, треба подетално да се истражат.

Сепак, кај сите овие автори – особено кај Иглтон, Џејмисон и Рансиер – се поставува една централна теза, кон која Бурдје комплетно приклонува: дека интерпретацијата не е нешто што временски и онтолошки му претходи на делото, туку дека делото и интерпретацијата постојат во временска симултаност, генерирајќи се и репродуцирајќи се, едно со друго. Тоа е нешто што „внатрешните читачи" не можат да го прифатат, давајќи му естетска ексклузивност на уметничкото дело, кое за нив има статус сличен на монадите на Лајбниц[20]; а не можат да го прифатат ниту конзервативните критичари како, на пример, Џорџ Штајнер, којшто во книгата *Реални присуства* инсистира на

[19] Упатуваме на *Култура и општество: 1780-1950* (Williams 1960),*Марксизам и литература* (Williams 1977) и *Долгата револуција* (Williams 1961)од Рејмонд Вилијамс; *Книжевна теорија: вовед* (2008), *Идеологијата на естетското* (Eagleton 1990) и *Настанот на литературата* (Eagleton 2012) од Тери Иглтон. Продлабочени дискусии за природата на поимот хомологија, од марксистичка гледна точка, може да пронајдеме во *Марксизам и литература* на Рејмонд Вилијамс, како и *Марксизам и форма*(Jameson 1971)и *Политичкото несвесно* на Фредерик Џејмисон.

[20] Еклатантен пример за тоа е истакнатиот критичар од школата на Американската нова критика Клинт Брукс, особено во првиот и во последниот есеј од неговата најпозната книга *Убаво искованата урна: студии за структурата на поезијата* (Brooks 1960).

темпоралната и онтолошка примарност на делото наспроти критичкиот дискурс (Steiner 1989)[21].

Бурдје дополнително ја засилува оваа централна теза бидејќи, покрај теоретичарот, на листата на неопходни чинители што ја создаваат книжевноста и го оформуваат книжевниот текст додава цела армија на агенти и на институции коишто се непосредно или посредно вклучени во репродукцијата на полето на книжевноста: критичарите, рецензентите, издавачките куќи, уредниците, професорите, културните и образовните институции итн. Освен теориското преосмислување на статусот на уметничкиот објект, тој дава и комплетно преиначување на улогата на авторот во продуцирањето на книжевноста – критика која се движи на слична линија со критиката на внатрешните читања и со самодоволноста на книжевниот текст. Овој аспект на неговата методологија – за која не зборувавме поопширно, поради недостиг од простор – се однесува на критиката на т.н. „идеологија на харизма“ и на теоријата на „првобитниот проект“ на Жан-Пол Сартр (Bourdieu 1995: 187–191). Во суштина, двете критики – онаа на фетишизацијата на делото и на „идеологијата на харизма“ – се темелат на отфрлањето на „супстанцијалното“ размислување во книжевната наука и нејзино заменување со „релацискиот“ начин на мислење (*le mode de pensée relationnel*), преземен од Ернст Касирер, изразен во книгата *Суйсшанција и функција* (Bourdieu 1995: 181; Cassirer 1953).

Бурдје смета дека поимот поле и поимот „двојна историзација“ треба да ги надминат овие теориски недоследности. Со нивна помош, книжевноста ќе може најпрво правилно да се разбере во сета своја комплексност; а потоа, тие сознанија ќе помогнат во изнаоѓањето правилни начини за заштита и отпор против тиранијата на полето на моќ, манифестирана преку сеопфатниот дискурс на неолиберализмот. Односно, исклучиво преку правилно разбирање на начинот на којшто книжевноста се создава може да се оформат централните стратегии за одбрана од различните видови тирании – економски и политички. Така, проектот образложен во *Правилаша на умешносша* може да се сумира во неколку точки:

1. Раскажувањето на историјата на едно поле е единствениот начин неговата есенција правилно да се разбере[22]. Историјата на полето ја открива него-

[21] Како репрезентативни можат да се земат следните искази од третото поглавје на книгата, насловено *Реални йрисусшва,* каде што Штајнер ја покажува наводната „здраворазумска“ и „самоевидентна“ природа на неговите искази: „Сметам дека станува збор за морален и за прагматички факт дека песната, сликата, сонатата – му претходат на актот на рецепција, на коментарот, на оценувањето... Најпрво, тука е приоритетот во време. Песната доаѓа пред коментарот. Конструктот ѝ претходи на демонстрацијата... Приоритетот во време наложува и есенцијалност во поглед на самото дело и на она што доаѓа потоа... Темпорално-онтолошкото движење од примарното кон секундарното е движење од автономија – во рамки на ограничувањата на човековата потенцијалност – кон зависност.“ (Steiner 1989: 149, 150,151).

[22] „Невозможно е социолошки да се истражува еден современ феномен без да се даде генетичка историја и генетичка социологија на тој феномен. Социологијата, како што јас ја замислувам, е генетички структурализам или структурална генеза. Социологот е некој којшто се занимава со современата историја на еден партикуларен случај во сегашноста; социологот е историчар кој ја зема сегашноста како објект, со прикриен мотив да ја конституира сегашноста како партикуларен случај и да ја локализира во универзумот на можни случаи.“ (Bourdieu 2014: 87). Повеќе за односот помеѓу историјата и социологијата во серијата разговори помеѓу Бурдје и Шартие, објавени во книгата *Социологот и историчарот* (Bourdieu and Chartier 2015).

вата структура, централниот *conatus*, правилата на игра, *illusio,* економијата и хабитусот што се отелотворува во агентите. Но, можеби најважно за нашиот труд, таа ги открива неопходните предуслови за постоењето на полето и заканите и опасностите што може да ја нарушат тешко стекнатата автономија. Накратко, борбата за зачувување на полето е невозможна без разбирање на неговата есенција, односно историја. Затоа, Бурдје повторно – во 1992 година – ја раскажува добропознатата историја на францускиот книжевен XIX век и стремежот на агентите за создавање автономно книжевно поле, наспроти полето на моќ (индустрискиот капитализам, буржоаската етика) и полемизира со делата на Жан-Пол Сартр и Ролан Барт, кои го делат неговиот интерес за оваа тема.[23] Бурдје смета дека историјата на книжевното поле не се движи линеарно, туку дека многу често се повторува (Bourdieu 2009: 212). Токму таков е случајот со полето на книжевноста во XIX век и на крајот на XX век. Структурата на полето е определена, таборите се поделени, непријателот е познат – останува да се одиграат потезите, а за тоа е потребно да се познава историјата. Наездата на неолиберализмот и специфичната форма на неговата тиранија единствено може да се сфати во контекст на историјата на полето на книжевноста и со помош на методот на двојна историзација што го образложивме претходно. 2. Борбата против хетерономните сили е возможна со повикување на „стариот поредок“ и преку црпење на ресурсите што тој ги содржи – „на старите солидарности“ и на „резервите на општествен капитал“, акумулирани во историјата на полето. Според Бурдје, тоа не се конзервативни сили, туку сили на отпор (Bourdieu 1998). 3. Полињата мора да се репродуцираат за да продолжат да постојат. Тие не се апстрактни ентитети, туку нешто што ја црпи својата стварност од материјалноста на институциите и од хабитусот, влогот и интересот на агентите. Сè додека постои колективна верба од овој вид и таа се репродуцира во материјалноста на институциите и на книгите, како и во менталните схеми и во отелотворените диспозиции на агентите, постоењето на полето ќе биде загарантирано. Затоа мора да се надмине фетишистичкото поклонување пред книжевниот текст и харизматичното славење на идеологијата на авторот во теоријата. Бројот на чинители коишто ја произведуваат и ја репродуцираат книжевноста е многу поголем од авторите на делата, а интерпретацијата на книжевните текстови е многу пообемна од нивно едноставно опишување или коментирање (Bourdieu 1995: 172–173).

## Заклучок

Во овој труд покажавме дека фетишистичкото поклонување пред книжевните дела и славењето на харизмата на авторите не можат да ја заштитат книжевноста од тиранијата на слободниот пазар и од политичката програма на „конзервативните револуции“ и на неолиберализмот. Во *Правилата на уметноста* и неговите текстови посветени на современата политичка и економска ситуација во западниот свет, Бурдје истовремено формулира нова методологија за разбирање на книжевноста, на книжевниот текст и на авторот и форму-

[23] Реферираме кон книгите *Што е литературата?* (Sartre 1988) од Жан Пол Сартр и *Книжевноста на нулти степен* (Barthes 1970) од Ролан Барт.

лира стратегија – втемелена врз образложената теорија – за борба на книжевноста и на останатите културни полиња за зачување на нивната автономија. Така, слично како теориите на Фредерик Џејмисон, теоријата на книжевноста што ја развива Бурдје во *Правила на уметноста* е суштински поврзана со контекстот во којшто книжевноста се наоѓа денес – политичките и економските притисоци на неолибералниот капитализам.

Методот на „двојна историзација“ (или на „двојно читање“) се покажува како централна алатка и во неговиот теориски модел и во неговата стратегија за зачувување на автономијата на книжевноста. Овој поим влегува во дијалог – имплицитен и експлицитен – со речиси сите попознати теоретски модели во поновата книжевна историја и реско се спротивставува на двата вида редукции на книжевноста, „внатрешното“ и „надворешното“ читање. Само преку практикување на два погледа, смета Бурдје, едниот естетски, а другиот политички, книжевноста може да се разбере во сета своја комплексност: како поле од испреплетени релации, а не како супстанција, без историја и иднина. Само на таков начин таа може да се заштити од бескрупулозните закани и од ургентните предизвици што неолиберализмот ги поставува пред сите сфери на културното производство.

На крајот, исто така, покажавме и зошто историјата на формирањето на француското поле во XIX век може да претставува една корисна и релевантна стратегија денес: најпрво, на таков начин се открива есенцијата на полето и јасно се определува неговата структура; потоа, се откриваат ресурси од традицијата и од историјата коишто може да се искористат денес; се покажува дека книжевноста постои повеќе како процес, а помалку како супстанција, и дека нејзиното постоење зависи од постојаната репродукција. Сите овие аспекти, во нивната симултаност, смета Бурдје, треба да се зачуваат за автономијата на книжевното поле и „еколошките предуслови“ на уметноста да можат да опстанат.

## Библиографија


Бурдје, П. (2006). *Противогнови / За телевизијата*. Скопје: Темплум. [Burdje, P. (2006). *Protivognovi/Za televizijata*. Skopje: Templum]

Adorno, W. T., Bernstein, J.M. (ed.). (1991).*The Culture Industry: Selected Essays on Mass Culture*. London and New York: Routledge.

Barthes. R. (1970). *Writing Degree Zero*. London: Jonathan Cape.

Bourdie, P., Johnson. R. (ed.). (1993). *The Field of Cultural Production: Essays on Art and Literature*. New York: Columbia University Press.

Bourdieu, P. (1993). *Sociology in Question*. London: Saga Publications.

Bourdieu, P., Haacke, H. (1995). *Free Exchange*. Cambridge: Polity Press.

Bourdieu, P. (1995). *The Rules of Art: Genesis and Structure of the Literary Field*. Stanford, California: Stanford University Press.

Bourdieu, P. (2005). *The Social Structures of the Economy*. Cambridge: Polity Press.

Bourdieu, P. (1991). *The Political Ontology of Martin Heidegger.* Stanford: Stanford University Press.

Bourdieu, P. (2008). A Conservative Revolution in Publishing. *Translation Studies*, 1 (2): 123–151. https://www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/14781700802113465
Bourdieu, P. (2009). *Political Interventions: Social Science and Political Action*. London and New York: Verso.
Bourdieu, P. (2014). *On the State – Lectures at the College de France (1989–1992)*. Cambridge: Polity Press.
Bourdieu, P. (2020). *Habitus and Field: General Sociology, Volume 2 – Lectures at the College de France (1982-1983*). Cambridge: Polity Press.
Bourdieu. P. (2004). *Science of Science and Reflexivity*. Chicago: The University of Chicago Press.
Bourdieu, P., Chartier, R. (2015). *The Sociologist and the Historian*. Cambridge and Malden: Polity Press.
Bourdieu, P., Wacquant, L.J.D. (1992). *An Invitation to Reflexive Sociology*. Cambridge: Polity Press.
Brooks, C. (1960). *The Well Wrought Urn: Studies in the Structure of Poetry*. London: Dennis Dobson Ltd.
Casanova, P. (2006). *Samuel Beckett: Anatomy of a Literary Revolution*. London and New York: Verso.
Casanova, P. (2015). *Kafka, Angry Poet.* London, New York, Calcutta: Seagull Books.
Casanova, P. (2004). *The World Republic of Letters*. Cambridge, Massachusetts, London, England: Harvard University Press.
Cassirer, E. (1953). *Substance and Function / Einstein's Theory of Relativity*. Chicago: Dover Publications Inc.
Eagleton, T. (2008). *Literary Theory: An Introduction.* Minneapolis: Minnesota University Press.
Eagleton, T. (2012). *The Event of Literature*. New Haven and London: Yale University Press.
Eeagleton, T. (1990). *The Ideology of the Aesthetic.* Malden: Blackwell Publishing.
Goldman, L. (1975). *Towards a Sociology of the Novel*. London: Tavistock Publications.
Goldman, L. (2013). *The Hidden God: A Study of Tragic Vision in the Pensées of Pascal and the Tragedies of Racine*. London and New York: Routledge.
Greenfell, M. (2004). *Pierre Bourdieu: Agent Provocateur*. London and New York: Continuum.
Habermas, J. (1991). *The Structural Transformation of the Public Sphere: An Inquiry into a Category of Bourgeois Society*. Cambridge, Massachusetts: The MIT Press.
Horkheimer, M., Adorno, T. (2002). *Dialectic of Enlightenment: Philosophical Fragments*. Stanford, California: Stanford University Press.
Jameson, F. (1971). *Marxism and Form: Twentieth-Century Dialectical Theories of Literature*. Princeton, New Jersey: Princeton University Press.
Jameson, F. (1991). *Postmodernism or, The Cultural Logic of Late Capitalism*. Durham: Duke University Press.
Jameson, F. (2002). *The Political Unconscious: Narrative as a Socially Symbolic Act.* London: Routledge.
Lane, F. J. (2006). *Bourdieus's Politics: Problems and possibilities*. London and New York: Routledge.
Leavis, Q. (1939). *Fiction and the Reading Public*. London: Chatto &Windus.
Lukač, G. (1956). *Gete i njegovo doba*. Izdavačko preduzeće „Veselin Masleša": Sarajevo.
Lukacs, G. (1964a). *Realism in Our Time: Literature and the Class Struggle*. New York: Harper Torchbooks.
Lukacs, G. (1964b). *Studies in European Realism*. New York: Grosset& Dunlap Publishers.
Marks, K. (1976). *Prilog kritici političke ekonomije*. Beograd: BIGZ.

Rancière, J. (2011). *Mute Speech: Literature, Critical Theory, and Politics*. New York: Columbia University Press.
Sartre, J.P. (1988). *"What is Literature" and Other Essays*. Cambridge, Massachusetts: Harvard University Press.
Speller, J.R.W. (2011). *Bourdieu and Literature*. Cambridge: Open Book Publishers.
Thompson, P. (2008). Field. In Grenfell, M. (ed.). *Pierre Bourdieu: Key Concepts*, 199–212.Durham: Acumen Publishing Limited.
Robbins, D. (2000). *Bourdieu and Culture*. London: SAGE Publications.
Williams, R. (1960). *Culture and Society: 1780-1950*. New York: Anchor Books.
Williams, R. (1961). *The Long Revolution.* London: Penguin Books.
Williams, R. (1977). *Marxism and Literature*. Oxford and New York: Oxford University Press, 1977.

Bourdieu, P., Grass, G. (2002). The 'Progressive' Restoration. *New Left Review*, Mar/Apr 14th. [Online]. Available from: https://newleftreview.org/issues/ii14/articles/pierre-bourdieu-gunter-grass-the-progressive-restoration [Accessed: December 19th, 2022]
Bourdieu, P., Morrison, T. (1998) «Voir comme on ne voit jamais». *VACARME* 06, Janyary 2nd. [Online]. Available from: https://vacarme.org/article807.html [Accessed: December 19th, 2022]
Bourdieu, P. (1998). L'essence du néolibéralisme. *Le Monde diplomatique.* Mars. [Online]. Available from:https://www.monde-diplomatique.fr/1998/03/BOURDIEU/3609 [Accessed: January 6th, 2023]